Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020

## Извадок на дел од дневни настани 21.08.2020

На 20.08.2020 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Г.Д.(36) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.08.2020 во 16.15 часот било пријавено дека во Куманово, на бул.„Октомвриска револуција", се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „генерикс", со кумановски регистарски ознаки, управуван од А.М.(23) од Куманово и мотоцикл „пијаџо", со кумановски регистарски ознаки, управуван од Е.А.(52) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Е.А., констатирани во Медицинскиот центар Куманово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 20.08.2020 во 20.15 часот било пријавено дека во Прилеп, на ул.„Карпалак", патничко возило „крајслер неон", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од И.М.(41) од Гостивар, излетало надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 20.08.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Ресен, од полициски службеници бил приведен З.Д.(29) од Р.Албанија, поради сторен прекршок по чл.4 од ЗППЈРМ. Со потврда за привремено одземени предмети одземена е патната исправа и тој ќе биде изведен пред суд.

На 20.08.2020 во 23.45 часот во Полициската станица Карпош З.С.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„Јуриј Гагарин" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 20.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се три возила бидејќи биле нерегистрирани, пет возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, констатирани се три прекршоци што ги чинат пешаците и 53 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Џ.А.(48) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.08.2020, при претрес во домот и помошните простории и во неговиот патнички автомобил „цитроен берлинго", полициски службеници пронашле и одзеле марихуана и масло од растението канабис. На Џ.А. му е одредена мерка притвор.

На 20.08.2020 околу 21.30 часот во гостиварско Орќуше, полициски службеници на СВР Тетово – ОВР Гостивар го лишиле од слобода У.Џ.(39) од ова село, на негов имот биле пронајдени огревни дрва за кои не ја поседувал потребната документација. Претходно, огревни дрва без документи за нивно пренесување му биле пронајдени и во неговото возило „рено кангу", со гостиварски регистарски ознаки, кое полициските службеници го запреле на влезот во Гостивар, во близина на Здуњската крстосница. Возилото и дрвата со потврда се одземени, а У.Џ. е задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.З.(58) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2020 на улица „11 Септември" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над него, при што пронашле и одзеле семки од од растението канабис, додека при претрес во неговиот дом биле пронајдени и одземени 43 куршуми и семки од канабис.

На 20.08.2020 во 18.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 18.00 часот, додека се истоварал смет во депонијата, која се наоѓа на излез од с.Арачиново, на регионалниот пат Скопје-Куманово, во сметот биле забележани предмети кои личат на експлозивни средства. На местото на настанот излегле полициски службеници и од депонијата се подигнати 11 рачни бомби без запалки. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.08.2020 во 15.40 часот во СВР Скопје, А.А.(57) од Скопје пријавил дека околу 15.25 часот во автобус бр.35 на ЈСП, на автобуска постојка на бул.„Крсте Мисирков", бил истуркан од автобусот и физички нападнат од едно лице кое се претставило дека е контролор во ЈСП. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.08.2020 околу 20.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Питу Гули", по семејна расправија, Б.П. со остар предмет го повредила И.П.. Според пријавеното, претходно И.П. физички ја нападнал Б.П., по што таа му нанела убодна рана. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2020 во 14.25 часот во СВР Тетово било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„146" во Тетово, сопственост на Е.Р.(65) од тетовско Доброште. Повредени лица нема, а опожарена била дрвената конструкција на покривот. Со интервенција на тетовската Територијална противпожарна единица и граѓаните пожарот бил локализиран. Извршен бил увид.

На 20.08.2020 во 15.10 часот во СВР Битола, З.П.(51) од Битола пријавил дека околу 14.45 часот, на ул.„Партизанска", И.А. од Битола со остар предмет му се заканувал и му упатувал навредливи зборови. Според пријавеното, причина се нарушени меѓучовечки односи од порано. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2020 во СВР Битола било пријавено дека во 07.10 часот во рудникот „Суводол" - ЕТЈ Траса „РЕК Битола", бил пронајден починат В.К.(60) од с.Стругово, демирхисарско, кој бил вработен како машинист. Според пријавеното, тој бил потиснат од работна машина. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција. Увид извршила увидна екипа од СВР Битола.

На 20.08.2020 околу 04.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Браќа Даневи" во Штип настанал пожар во патничко возило „фолксваген голф", со штипски регистарски ознаки, сопственост на К.Б. од Штип. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 20.08.2020 околу 09.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„Кузман Јосифовски Питу" едно лице со закана со остар предмет од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против А.М.(23) од с.Кондово, општина Сарај, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „криумчарење на мигранти" и „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот". На 16.08.2020 околу 22.30 часот на магистралниот пат Струмица-Штип, кај клучка Радовиш, се случила сообраќајна незгода во која патничко возило „ауди Q7", кое пријавениот го управувал и во кое превезувал 12 мигранти од Сирија, удрило во запрено товарно возило, сопственост на МВР. Притоа, двајца мигранти загинале, а останатите се здобиле со повреди, а меѓу повредените бил и еден полициски службеник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.Х.(34) од с.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори''. На 23.02.2019, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле дигитална вага и марихуана.

На 20.08.2020 во СВР Битола било пријавено дека била пронајдена М.М.(34) од Битола, за која на 17.08.2020 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 20.08.2020 во 15.10 часот во Полициската станица Крива Паланка, Д.С.(57) од с.Узем, кривопаланечко, пријавил дека од домот се оддалечила неговата малолетна ќерка Т.С.(14). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Л.М.(64) од с.Воиславци, радовишко, С.А.(37) од Радовиш и правно лице од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 17.06.2020 првопријавениот, управувајќи товарно возило и приклучно возило, сопственост на третопријавеното правно лице, на Граничен премин „Дојран", при гранична контрола на овластено службено лице, како доказ во својство на професионален возач на товарни моторни возила, употребил преправана дозвола издадена од Државен санитарен и здравствен инспекторат од 22.03.2020, на име на првопријавениот, за која знаел дека е со преправена содржина. Вторoпријавениот, во својство на управител во третопријавеното правно лице, на 16.06.2020, откако склучил договор за повремено и привремено вршење на работи со првопријавениот, ја преправил дозволата издадена од ДСЗИ од 22.03.2020 за лицето А.А., на име на првопријавениот со патна исправа и му ја дал на користење за да оствари некаква корист за третопријавеното правно лице.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Д.П.(54) од Миравци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 19.07.2020 на автопатот „Пријателство", клучка Миравци, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „даеву ланос", кое го управувал пријавениот. Притоа, било констатирано дека за возилото „даеву ланос" тој не поседувал никакви документи, а регистарските таблички биле од патничко возило „мерцедес", сопственост на В.Ф.(29) од Миравци, кое било одземено од страна на Шумска полиција.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет